

# МОНИТОРИНГ

## ОПШТИНИТЕ И ЗИМСКОТО ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИТЕ И ПАТИШТАТА

OLOF PALME INTERNATIONAL CENTER

НВО ИНФОЦЕНТАР

RCC SPECTAR

AKTIVO CENTER FOR ACTIVE CITIZENS ЦЕНТАР ЗА АКТИВНИ ГРАЃАНИ

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИ ОД СТРУМИЦА

ГИЖ Граѓанска иницијатива на жени Свети Николе

# 1. Вовед и методологија



НВО Инфоцентарот, со партнерските организации Спектар од Крива Паланка, Граѓанска иницијата на жени од Свети Николе, Организација на жени од Струмица, I Активо од Велес, во периодот ноември– декември 2023 година, спроведе мониторинг на мерките и активностите што ги преземаат општините за зимско одржување на улиците и патиштата.

Мониторингот опфати осум општини: Куманово, Велес, Струмица, Крива Паланка, Свети Николе, Ново Село, Босилово и Чашка, а се однесуваше на периодот 2019 – 2023 година. До општините беше доставено барање за пристап до информации од јавен карактер за објавени огласи за јавни набавки, склучени договори со економски оператори, капацитет во луѓе и опрема на зимските служби на општините.

Овој мониторинг се реализираше во рамки на проектот „Активни граѓани и партиципативна демократија на локално ниво“, поддржан од меѓународниот центар Улоф Палме од Шведска.



# 2. Општи наоди



Речиси сите општини изготвуваат годишни планови и програми за одржување на улиците и патиштата во зимски услови и предвидуваат буџет за оваа намена. Зимското одржување на улиците и патиштата во општините им е делегирано на јавните локални претпријатија, а дел од општините дополнително склучуваат годишни договори со економски оператори за ангажирање механизација, и набавка на сол и ризла.

Зимската служба кај повеќето општини почнува со работа на 15 ноември и трае до 15 март следната година. Општините имаат регистер на должината на патната инфраструктура. Таа е поделена според приоритети на чистење. Чистењето снег најпрво се одвива во урбаните и најфреквентните делови од општината, во втората фаза се чистат улиците кои не се наоѓаат во централниот дел и се помалку прометни, а локалната власт е надлежна и за оспособување на патната инфраструктура и во руралните делови на територијата на општините.

Комуналните претпријатија се надлежни за чистење на снегот од улиците, тротоарите и плоштадите во централниот дел на општините. Додека за расчистување на снежните наноси во потешко проодни делови, се ангажираат приватни фирми кои поседуваат соодветна механизација. Кога временските услови се крајно лоши и снежната покривна е голема, општините бараат интервенција од државните институции, Македонија пат, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување.

Дел од општините секоја година објавуваат тендер преку Бирото за јавни набавки, за ангажирање фирма која поседува соодветна механизација за чистење снег. Договорот се однесува за целата зимска сезона.

## 2. Општи наоди

На јавните повици најчесто се јавува само еден понудувач и речиси секоја година тендерот за зимско одржување на локалните патишта и улиците го добиваат исти фирми. Таков е случајот со Општина Куманово, додека во Општина Велес парите за оваа намена секоја година ги делат две фирми кои постојано се повторуваат.

Помалите општини кои беа предмет на мониторингот, како Босилово и Ново Село одвојуваат помал буџет за зимско одржување на улици и патишта. Поголемите општини покриваат поголема територија и затоа, ставката за зимско одржување во нивните буџети е многу поголема. Општина Свети Николе во последните пет сезони потрошила 57.000 евра за ангажирање работна сила и механизација од приватни компании за чистење снег, додека Чашка потрошила повеќе односно 68.000 евра. Општината Крива Паланка лани и за тековната сезона го зголемила буџетот и сега одвојува 60.000 евра годишно. Општина Велес потрошила 95.000 евра, а најмногу пари потрошила Општина Куманово. Оваа општина секоја година издвојува во просек околу 200.000 евра или за пет години вкупно еден милион евра.

Освен за механизација, општините распишуваат јавен повик и за набавка на сол и ризла. Од добиените склучени договори во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер забележливо е дека на општинските тендери за набавка на сол и ризла доминираат две фирми. Истите фирми, на пример, се појавуваат во општините Куманово, Свети Николе и Велес.

Од општините кои беа предмет на овој мониторинг единствено Општина Ново Село не ни ги достави информациите за склучени договори со фирми за ангажирање механизација за чистење на улиците и патиштата од снег, и за набавка на сол и ризла.

Општина Куманово секоја година издвојува буџет за зимско одржување на патишта, кој е предвиден во рамки на програмите за уредување на градежно земјиште. Активностите траат во текот на целата зимска сезона во периодот од 15-ти септември во тековната година до 15-ти март следната година.

Улиците се поделени по приоритети и главно се чисти урбаното подрачје, или патна инфраструктура од прв и втор приоритет, додека улиците од трет приоритет и селските патни правци се одржуваат на барање општината.

Во мониторираниот период, од сезоната 2019/2020 до 2023/2024, за оваа намена годишно се издвојуваат во просек по 210.000 евра. Од нив околу 75% се за економскиот оператор кој ја одржува локалната патна мрежа, а останатите средства се за ЈП„Чистота и зеленило", кое досега ги одржувало градските плоштади, тротоарите, пешачките патеки и другите јавни површини и за таа намена секоја година добивало по 5 милиони денари (81.300 евра) од општинскиот буџет.

Од 2019 година, зимското одржување на локалната патна мрежа во Куманово му е доверено на КООП Инжинеринг од Куманово. Со исклучок на 2020 година, фирмата е единствен понудувач на тендерите.

Оваа зимска сезона ќе се издвојат најмалку буџетски средства за зимско одржување или вкупно 12 милиони денари (195.000 евра). За првпат, во чистењето на улиците се вклучува и ЈП „Чистота и зеленило" на кое покрај јавните површини, му се доверени и улиците во централното градско подрачје, односно првата зона. Приградските населби и селата и натаму остануваат во надлежност на КООП Инжинеринг, кој сега ќе врши услуги за околу 1.500 км, а за останатата половина ќе се грижи општинското претпријатие.

Досегашниот економски оператор - КООП Инжинеринг, оваа сезона ќе добие речиси двојно помалку средства или 4,8 милиони денари (80.000 евра). Останатите 8 милиони денари (130.000 евра) се наменети за ЈП „Чистота и зеленило“.

ЈП „Чистота и зеленило“, како што информира директорот, располага со најсовремена и специјализирана механизација, а за зимската сезона 2023/2024 ќе бидат ангажирани 8 возачи/машинисти и 60 вработени. Кон зимската служба се приклучуваат сите работници задолжени за јавни површини, како метлари и работници за одржување зеленило. Нема да се ангажираат сезонски работници за одржување сообраќајници. Инаку, претпријатието склучува договор со општината за календарска година, а не за зимска сезона.

Во 2023 година, ЈП „Чистота и зеленило“ склучило договор со „МН к=Компани ДОО Гостивар“ за набавка на 120 тони индустриска сол, во вредност од 658.440 денари (10.700 евра). Досега се набавени 44 тони, а договорот се исполнува во зависност од реалните потреби.

Надзор и контрола над извршувањето на работите на економскиот оператор врши стручно лице од општина Куманово.

Од Општина Куманово не доставија податоци за реализацијата на договорите со економскиот оператор за периодот 2019-2023 година, односно за навистина извршените работи и исплатени средства за услугите за зимско одржување.

Општина Струмица секоја година донесува програми за одржување на улиците во градот, населените места и локалните патишта. Зимската служба ја раководи секретарот на општината заедно со раководителот на Секторот за урбанизам, комунални работи и градежно земјиште и со раководителите на одделенијата во јавното комунално претпријатие. Во периодот од 2019 до 2022 година, во буџетот на општината за зимско одржување на 85 илјади квадратни метри патишта во градот и населените места се проектирани по 24.400 евра, а за сезоната 2022-2023 овој износ е зголемен на 26 илјади евра. Средствата се зголемени за ангажирање на механизација и работна рака, повеќе за 100 илјади денари во однос на претходните три сезони.

Работата на зимската служба започнува на 15 ноември и трае до 15 март, но доколку има пообемни снежни врнежи работи и после март.

Одржувањето на сообраќајниците во зимски услови го реализира јавното претпријатие Комуналец, а при пообемни врнежи, на повик на Дирекцијата за заштита и спасување се ангажираат и градежни претпријатија (Табела 1). Мониторингот покажа дека исти фирми редовно секоја година се ангажираат за зимско одржување.

| СЕЗОНА | ГРАДЕЖНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА |
|---|---|
| 2019 - 2020 | НАЦИОНАЛ, Струмица / Универзал Градба, Струмица / ПЕШО ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ, Струмица / Габро—Томе Тренчев, Струмица / Кипо ДООЕЛ, Струмица / ЏОВИ– КОМПАНИ ДООЕЛ, с.Мокрино, општина Ново Село / КЛИКО – ГРАДБА", н.м. Куклиш, општина Струмица / К.И.М ДООЕЛ, Струмица / ЖИКОЛ, Струмица |
| 2020 - 2021 | НАЦИОНАЛ, Струмица / Универзал Градба, Струмица / ПЕШО ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ, Струмица / Габро—Томе Тренчев, Струмица / ЏОВИ– КОМПАНИ ДООЕЛ, с.Мокрино, општина Ново Село / КЛИКО – ГРАДБА",н.м. Куклиш, општина Струмица / К.И.М ДООЕЛ, Струмица / ЖИКОЛ, Струмица |
| 2021 - 2022 | НАЦИОНАЛ, Струмица / Универзал Градба, Струмица / ПЕШО ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ, Струмица / Габро—Томе Тренчев, Струмица / ЏОВИ– КОМПАНИ ДООЕЛ, с.Мокрино, општина Ново Село / КЛИКО – ГРАДБА, н.м. Куклиш, општина Струмица / К.И.М ДООЕЛ,Струмица / ЖИКОЛ, Струмица / ДИКОР ЦД ДООЕЛ, Струмиц |
| 2022 - 2023 | Универзал Градба, Струмица / ПЕШО ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ, Струмица / Габро—Томе Тренчев, Струмица / ЏОВИ– КОМПАНИ ДООЕЛ, с.Мокрино, општина Ново Село / КЛИКО – ГРАДБА, н.м. Куклиш, општина Струмица / К.И.М ДООЕЛ, Струмица / ЖИКОЛ, Струмица / ДИКОР ЦД ДООЕЛ, Струмица / ЕВРОГРАДБА, с.Владевци, Василево |
| 2023 - 2024 | Универзал Градба, Струмица / ПЕШО ИНЖИНЕРИНГ ДООЕЛ, Струмица / Габро—Томе Тренчев, Струмица / ЏОВИ– КОМПАНИ ДООЕЛ, с.Мокрино, општина Ново Село / КЛИКО – ГРАДБА, н.м. Куклиш, општина Струмица / К.И.М ДООЕЛ, Струмица / ЖИКОЛ, Струмица / ДИКОР ЦД ДООЕЛ, Струмица / ЕВРОГРАДБА, с.Владевци, Василево |



## 3.2 Струмица



Буџетот на општина Струмица за зимско одржување на патиштата за периодот 2019 – 2023 (четири сезони) изнесува шест милиони и сто илјади денари или околу 100 илјади евра, од кои по 500 илјади денари, за една сезона се наменети за индустриска сол и по еден милион денари за механизација и ангажирање работна сила. Во сезоната 2022/2023 средствата за механизација и работна рака се зголемени за сто илјади денари.

Општина Струмица има склучено договори за ангажирање механизација за чистење на улиците и патиштата од снег. Трошоците за работна рака по час, од 2019 до 2021 година, изнесуваат 100 денари, а во 2022 година, 150 денари.

За набавка и дистрибуција на индустриска сол, општината ангажирала три компании во период од четири години (2019 – 2023) и со нив склучила договори врз основа на постапка со барања за собирање понуди. Во 2021 година ангажирана е истата компанија, како и претходната година. Вкупниот износ за набавка на индустриска сол за четирите години изнесува над 23 илјади евра (1.454.820 денари).

Надзорот над извршувањето на годишните програми за зимско одржување на улиците во градот и локалните патишта во зимски услови ги врши надлежниот комунален орган за комунални работи во општината и комуналниот инспектор.

Зимската служба на територијата на општина Велес започнува со фунција од средината на ноември, па се до крајот на февруари следната година (доколку има временски неприлики трае и подолго), со вклучени претставници од општината, тимови од Македонија пат-подружница Велес, претставници на економските оператори и претставници од комуналното претпријатие Дервен. Од анализата на податоците се утврди дека половината од патната мрежа и општински патишта ги чистат фирми избрани на тендер.

Општината секоја година има буџет за зимско одржување во висина од околу два милиони денари, од кои половината се распределуваат на економски оператори, а другата половина е наменета за Македонија пат - подружница Велес по доставена програма за тековната година и склучен договор со Општина Велес. Во зависност од временските услови, при обилни врнежи од снег и голомразица, оваа ставка со ребаланс се зголемува и обратно се префрла во други ставки.

Од 2019 до 2023 година Општина Велес склучила договори со економски оператори во висина од 5.853.605 ден. Најмногу за зимско одржување е издвоено во 2020 година, 1,5 милион денари, додека најмалку во 2022 година, 800 илјади денари.

Почнувајќи од 2019 година, па сè до 2023 година, се пријавуваат две поголеми фирми од Велес и тоа, Делта - Пром од Велес и Изгрев Инжењеринг, и ги добиваат јавните набавки за зимско одржување. Според доставените податоци од страна на Општина Велес, два пати се забележува јавна набавка на индустриска сол во вреќи и тоа, во 2021 година со фирмата МНА Копмани Гостивар, во висина од 141.128 денари и во 2019 година, со фирмата КИМ ЕМ Скопје, во висина од 201.424 денари.

Од вкупниот број километри локални патишта и улици, 77% чистат фирми избрани на тендер. Македонија пат-подружница Велес одржува само 15%, додека ЈКП Дервен учествува со 8%.

Општина Крива Паланка е задолжена за зимско одржување на околу 230км улици и локални патишта, од кои околу 50% се асфалтирани и имаат највисок приоритет за расчистување и проодност во зимски услови. Само 25% од асфалтираната патна мрежа (30-35км) е во урбаниот дел и приградските населби, а останатите се во руралните средини.

Во изминатите десетина години, за зимско одржување биле доволни околу 2,5 милиони денари (40.650 евра). Поради зголемените цени и постојаното проширување на опфатот на новоасфалтирани улици и патишта, сумата за изминатата и за оваа сезона е зголемена за околу еден милион денари (16.300 евра), или планирани се вкупно 3,5 милиони денари (60,000 евра).

Најмногу пари, околу 40%, се одлеваат за ангажирање основна механизација, а последните две сезони исто толку се наменети за набавка на индустриска сол и за абразивен материјал. Во мониторираниот период, цената на индустриската сол варира од 120 до 150 евра за тон, додека минатата и оваа сезона општината ја набавила по дупло помала сума односно од 75-80 евра. Дополнителна механизација и сезонски работници се ангажираат по потреба.

Последните пет години зимското одржување на улиците и локалните патишта, кое се планира според посебни годишни програми, го спроведува ЈП „Комуналец“, кое се јавува како единствен понудувач на тендерот на оштината. За зимската служба од 2019 до 2023, комуналното претпријатие ангажирало вкупно 22 лица со договор за дело, на кои им се исплатени 338.000 денари (5.500 евра), а минатата сезона биле исплатени и бонус средства за возачите и ангажираните лица.

За оваа сезона планирано е ангажирање на 11 лица со договор за дело за кои ќе се обезбеди надоместок од 25.000 денари или вкупно 275.000 денари (4.500 евра) и плус бонуси.

Улиците и патишта се чистат по приоритет и тоа, пристап до јавни институции и чистење на главната улица Свети Јоаким Осоговски, приклучни улици во градот со поголем интензитет на сообраќај, останати улици во урбан дел и главната улица во село Конопница и локални патни правци.

Поради конфигурацијата на теренот, општината се соочува со проблеми при зимското одржување, бидејќи асфалтираните патишта кон селата се со голем наклон, и остри и тесни свиоци, што го отежнува пристапот на основната механизација. Тешки за одржување се и маалските земјени коловози, така што, дел од нив остануваат непроодни при обилни врнежи од снег и снежни навеви. Потешкотии се јавуваат и кај приградските тесни улици каде има паркирани возила со што се загрозува безбедноста во пешачкиот и моторниот сообраќај. Доколку одредени локални патни правци се непроодни подолг период, економскиот оператор е должен да вклучи и потешка градежна механизација.

Контролата над одржувањето на улиците, тротоарите и локалните патишта го врши Одделението за изградба и одржување на комуналната инфраструктура преку овластени лица, како и инспекциските служби, МВР и други.

Во случај на обилни и континуирани врнежи од снег, со кои општината не може да се справи, се бара ангажирање на подрачните одделенија на Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи.

Општина Свети Николе го реализира зимското одржување на улиците и патиштата врз основа на Оперативен план изготвен од Секторот за урбанизам и комунални работи, во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување. Активностите на терен за чистење снег ги реализира ЈП Комуналец Свети Николе, а Општината секоја година склучува договори за ангажирање градежна оператива оспособена за одржување локални патишта и улици, и за набавка на сол и ризла.

Општината е задолжена за чистење на улиците во урбаниот дел, кој е поделен во две фази на расчистување. Во првата фаза според приоритетот спаѓаат улици со поголема фреквенција на сообраќај со вкупна должина од 210 километри. И послабо фреквентни улици во вкупна должина за одржување од 59 километри. Освен нив општината ги чисти и локалните патишта во руралните средини.

Во услови на голомразица и снежна покривка до 20 сантиметри оспособувањето и расчистувањето на улиците го врши ЈП Комуналец со своја механизација, работна сила и абразивни средства. Доколку наврне снег над 20 сантиметри, тогаш јавното претпријатие ангажира дополнителна механизација, а во расчистување на патниот сообраќај понекогаш се вклучува и регионалната единица на „Македонија пат“ од Штип.

За градот има определено две депонии за исфрлање на снегот и тоа, кај мостот кај детската градинка „Рахилка Гонева“ и покрај мостот на река Periш.

## 3.5 Свети Николе



Општината секоја година распишува тендер за ангажирање механизација за чистење снег. Во периодот кој е предмет на мониторингот (2019-2023), Општина Свети Николе има склучено договори со различни фирми, кои на јавниот повик понудиле најниска цена на услугата. Вкупната вредност на сите договори во изминатите пет зимски сезони изнесува 3.506.969 денари или 57 илјади евра.

За набавка на сол и ризла, во мониторираниот период, општината потрошила 837.571 денари или 13.619 евра. Секоја година, со најниска понудена цена, тендерот го добивала скопската фирма „КИ-ЕМ ДООЕЛ експорт-импорт“. За прв пат, лани, локалната власт по јавното наддавање избрала друга компанија - „МН КОМПАНИ ДОО“ од Гостивар, со која склучила договор за набавка и транспорт на 20 тони индустриска сол.

Општината не достави податоци колку сезонски работници биле ангажирани во зимските сезони почнувајќи од 2019 година заклучно со 2023 година, а не ги достави ниту годишните планови за зимско одржување на патиштата.

Одржувањето на патиштата во зимски услови на територијата на општина Босилово е во надлежност на јавното претпријатие „Огражден“ со кое општината има склучено договори во 2022 и 2023 година. ЈПКД Огражден е надлежно за посипување сол и ризла, и за расчистување на снегот од патиштата и улиците во вкупна должина од 11,3 километри, во 16 населени места, како и локални патишта во должина од 40,9 км.

Општината има годишни програми за зимско одржување на локалните патишта, за перидот од 2019 до 2024 година. Советот на општината ги усвојува и го контролира извршувањето на програмите.

Финансирањето на активностите предвидени во Програмите за зимско одржување е со средствата на Јавното претпријатие за државни патишта, наменети за зимско одржување на локалните патишта и улици.

Буџетот за зимското одржување на патиштата во општината изнесува најмногу 100 илјади денари за една сезона со вклучен ДДВ. Овие средства се наменети за набавка на сол и механизација за чистење на патиштата. Во сумата е пресметана набавка на 2.000 килограми сол и 50 метри квадратни песок – ризла, како и ангажирање на ровокопач (скипер - багер) по цена од 2.500,00 денари по час.

Општината не ангажира сезонски работници за одржување и чистење на улиците и патиштата во зимски услови. Работната рака и механизацијата се обезбедени од ЈПКД Огражден.

Надлежноста за зимското одржување на патиштата на територијата на општина Ново Село му е делегирана на јавното претпријатие „Комуна“, кое ги изготвува и годишните планови за одржување на улиците и патиштата во зимски услови. Работата на зимската служба започнува на 1 ноември и трае до 31 март следната година. Зимската служба ја раководи директорот на ЈПКД Комуна Ново Село, а во неа членуваат двајца возачи и магационер.

Буџетот за зимското одржување на патиштата во општината изнесува 400 илјади денари за секоја сезона или вкупно 32,520 евра за петте сезони кои беа предмет на ова истражување (од 2019 до 2023).

Патната инфраструктура за зимско одржување и чистење снег во општина Ново Село изнесува вкупно 69,81 километар, од кои 34,41 километри локални патишта и 35,4 километри улици. Од нив, 33 километри се чистат редовно, а останатите во зависност од потребите. Нема конкретни информации од кои потреби зависи чистењето на останатата патна инфраструктура.

Не е познато со кои претпријатија се склучени договори за ангажирање механизација за чистење на улиците и патиштата од снег, и за набавка на сол и ризла за перидот од 2019 до 2023 година. Од општината не ги добивме договорите, со образложение дека имател на оваа информација е јавното претпријатие „Комуна“. Со оглед на фактот што јавните претпријатија се формирани од страна на општините, имател на информациите е општина Ново Село и има обврска да ги обезбеди бараните податоци.

Општината не ангажира сезонски работници за одржување и чистење на улиците и патиштата во зимски услови.

Зимската служба на територијата на Општина Чашка започнува да работи со првите врнежи од снег. При врнежите од снег се чистат 116км патна инфраструктура во рурална средина, 1200 квадрати плоштади и 23км улици низ населените места.

Советот на Општина Чашка донесува програма за зимско одржување на локалните патишта и улици, а ја реализира Јавното комунално претпријатие Тополка, со сопствена механизација од два трактора, еден скип и тројца возачи, врз основа на договор.

Вкупно Општината за зимско одржување на локални патишта и улици, во последните пет години, потрошила 4.200.000 ден. Износот што се издвојува, постепено низ годините се намалува. Во 2019 година тој износ бил највисок - еден милион денари, а најнизок во 2022 и 2023 година – 700 илјади денари.

Според доставените податоци, јавната набавка на индустриска сол во вреќи ја прави ЈПКД Тополка, а Општина Чашка ги користи услугите врз основа на договор.